**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.29**

**И.бр. 2176/2022**

Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот - ремитент Стопанска Банка АД - Скопје од Скопје со ЕДБ 4030996116744 и ЕМБС 4065549 и седиште на ул. ,,11 Октомври" бр. 7, засновано на извршната исправа Нотарски Акт Изјава за уредување на права и обврски на потписници на меница ОДУ бр.2297/18 од 09.10.2018 година на Нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, против солидарни должници: должник – трасант/ акцептант Друштво за производство, трговија и услуги ФОРЦА ШПЕД ДООЕЛ Скопје од Скопје со ЕДБ 4030007621842 и ЕМБС 6187188 и седиште на бул.Партизански Одреди бр.104,Скопје, Карпош, и должник- авалист Игор Трајковски од Скопје со живеалиште на ул. Салвадоре Аљенде бр.17, за спроведување на извршување, на ден 30.09.2024 година го составува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ВТОРА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:
1. Самоуслужна перална за возила која е лоцирана до базенот Борис Трајковски во Скопје и тоа:
Самоуслужна перална за возила производител: TECON, Тип: JWTEC5-22FOR, година на производство: 2018, составена од:
- Бокс за перење на возила и жетоњера, количина 5;
- опрема за припрема на потрошна вода и греење лоцирана во машинска сала, количина: комплет;
- Двоен уред за внатрешно чистење на возила, количина: 3;
- уред за наплата, количина: 1;
- Монтажна метална конструкција – кровна и странична со термопанели, количина: 1;
- монтажна термопанелна машинска сала, количина: 1;
- Озвучување и осветлување, количина: комплет;
- рекламно пано, количина: 1,

во сопственост на должник-трасант/акцептант Друштво за производство, трговија и услуги ФОРЦА ШПЕД ДООЕЛ Скопје, со вкупна вредност за сите составни делови во целина, **во износ од 1.261.000,00 денари**, која вредност по предлог на доверителот претставува почетна цена за второто усно јавно наддавање.
Предметите се оптоварени со следните товари: заложно право во корист на заложниот доверител Стопанска Банка АД Скопје.
Продажбата ќе се одржи на ден 10.10.2024 година во 10:00 часот во просториите на Извршител на Извршител Игор Антевски од Скопје, на адреса ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2.
Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија и на веб страна на Комората на извршители на РСМ.
На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од почетната цена за јавното наддавање.
Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на трансакциска сметка бр.250010402320172 која се води на име на Извршител Игор Антевски од Скопје во Шпаркасе Банка АД Скопје, даночен број 5080021510736, најдоцна до 09.10.2024 година.
Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.
Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат, по претходна најава кај извршителот.
Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

Д.-на:- должник-трасант/акцептант ДПТУ ФОРЦА ШПЕД ДООЕЛ Скопје
- доверител-ремитент/заложен доверител Стопанска Банка АД Скопје

И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.